ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 42 ДАТА 18.10.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 42 ДАТА 18.10.2017 г.

# СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ
**Седница од 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЕДИНСТВО„ с. Трстеник: Милев Г. Владо, Ајтов Ц. Никола и Душков К. Ристе од ФК „Љубаш„ од с. Манастирец, по член 35/13.

Миревски Д. Александар, Ајтов М. Јован, Боѓев В. Велибор, Стојанов Т. Влатко, Милев Р. Игор, Стојанов Т. Александар, Цветков Т. Иле, од ФК „Единство„ од с. Трстеник, по член 35/2.

Милев Р. Ѓоко, Неданоски В. Стојанчо, Ајтов Ц. Влатко, Атанасов М. Слободан, Димитров Б. Мики по член 35/1.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинаскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Илевски Ј. Томе од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО
**Седница од 16.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РИНИЈА„ Липково: Шпетим Нухија, Суфјан Фетаи, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЕУРОМИЛКК ГЛ АД„ Скопје: Алиу С. Севџан од ФК „Братство 07„ с. Житоше, по член 35/13.

ФК „ССК МЛАДИНЕЦ„ Скопје: Абазовски Шефко, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО
**Седница од 16.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВО ЕУРОСПОРТ-ВАРДАР„ Куманово: Марковски Алекс, Савевски Кристијан, по член 35/1.

ФК „БАШКИМИ 1947„ Куманово:Фетаи Шуајб, по член 35/1.

ФК „СТУДЕНА ВОДА„ с. Доброшане: Димитриевски Виктор од ФК „Куманово Еуроспорт Вардар„ по член 35/2.

КМФ „БИЦО„ Куманово: Цветковски Андреј, Стојановски Марко, Младеновски Мартин, по член 35/1.

Арсовски Славко од КМФ „Бицо„ од Куманово, по член 35/2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО
**Седница од 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ВАРДАР„ Неготино: Илиевски Ј. Томе од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, по член 35/13.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 17.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ИЛИНДЕН„ с. Долнени: Дојчиноски К. Жарко, по член 35/1.
ФК „ДИНАМО„ с. Мажучиште: Трпкоски В. Мирослав, по член 35/1.
ФК „2015 ВРБЈАНИ„ С. Врбјани: Рустемов И. Ајан, по член 35/1.
ФК „КАДИЦА„ с. Забрчани: Трајчевски Д. Леонардо од ФК „Победа АД„ Прилеп, чл. 35/13.
ФК „КАНАТЛАРЦИ„ с. Канатларци: Сулејманоски А. Ердин од ФК „Канатларци„ од с. Канатларци, по член 35/2.
Рецепоски М. Дениз, по член 35/1.
ФК „НАПРЕДОК„ с.Крушеани: Зајчески К. Александар од ФК „Победа АД„ Прилеп,чл. 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 17.10.2017 година**

- **Регистрација на fудбалери:**

ФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Милев М. Ристо од ФК „Беласица„ Струмица, чл. 35/13.
ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Коцев В. Александар од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, , по член 35/13.
Србаков П. Борис„ од ФК „Академија Пандев АД„ Струмица, по чл. 36/1.
Рутев К. Васил, по член 35/1.
ЖФК „ТИВЕРИЈА„ Струмица: Истатова В. Валерија и Јованова В. Јована, по чл. 35/1.
ФК „СПАРТМАНИ„ Струмица. Ефтимов Б.Александар од ФК „Хоризонт Турново АД„ од с. Турново, по член 35/13.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 17.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕЊАНЕ„ с. Камењане: Халили Меритон од ФК „Скендербеу„с.Пороj,чл. 35/4.
Исмаили Арлинд, Синани Арѓенд, Салии Флорент, Зејнулаи Метин, Агон Исмаили, Исмаили Армин, Џемаили Енис, Атули Дуран, Бекири Амар, Камбери Агон, Нуредини Арди, Исмаили Бејан, Исмаили Илли, Рустами Омер, Идризи Илли, Муслии Идриз, Беџети Арди, по член 35/1.
ФК „ДЕРВЕН„ с Ларце. Нуредини Шеза, Етеми Афет, Абдиламити Албион, Амети Шеси, Љѝмани Урим, Јашари Агрон, Јакупи Лавдрим, Пајазити Астрит, Идризи Хасан, , по член 35/1.
ФК „ЉУБОТЕН„ Тетово: Бошковски Александар, по член 35/1.
ФК „МРГИМТАРИ„ с. Стрмница: Алији Албион од ФК „Чаклани„ с. Палчиште, чл. 35/13.
ФК „РУФЕЈА 93„ с. Милетино: Ахмеди Демир, Реџепи Лавдрим, Куртиши Адис, Седат Хусеини и Сулејмани АСрлинд, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објаввуа регистрацијата на фудбалерот Етеми Бетим од ФК „Теарца 97„ за ФК „Доброшане„ по члчен 35/13, поради неисправна документација.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Реџепи Арбени за ФК „Руфеја 93„ од с. Милетино, поради неисправен документ за идентификација.

Не се објаввуа регисрацијата на фудбалерот Есати Ремзи за ФК „Камењане„ по член 35/1, бидејќи истечена му е важноста на пасошот.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 16.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР„ с. Форино: Џафери Х. Амир од ФК „Генчкалемелрспорт„ Д. Бањица, по член 35/13.
Идризи Ш. Убејд, Емрули Ф. Харбин, Мурати Б. Музафер, Емрули Л. Идриз, Амети Ј. Агим, Алиу М. Назми, Зендели Ј. Мухамед, Адеми И. Рухит, Зибери М. Или,по член 35/1.

ФК „АРСИМИ 1973„ с. Чегране: Саити Ф. Валмир, Самиу Ј. Бенат, Мемеди Б. Сунит, Сејдини Н. Ерди, Муслиу Н. Абдулхалим, по член 35/1.

ФК „ПРОЛЕТЕР„ с. Тумчевиште:Илиевски И.Константин од ФК „Пена–Еден„ Гостивар Милчевски О. Јосиф од ФК „Младост„ од Гостивар, по член 35/4.
Андреевски А. Кристијан, Абдиу Б. Бесր, Алексоски М. Антониј, Љупче Џ. Стојаноски, Николовски Д. Николче, Ѓорѓиевски С. Лео, Матески Т. Дамјан, Матески Т. Јордан, по член 35/1.

ФК „БЕСА„ с. Добри Дол: Абдурахим џ. Бурхан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 16.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Бунчевски Христијан, по член 35/1.

ФК „ФЛАМУРТАРИ„ с. Радолишта: Зубер Мурсел, по член 35/1.

ФК „КОРАБИ„ Дебар: Амбари Ринор, по член 35/1.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струга фудбалерот Перо Есат од ФК „Кораби„ од Дебар, бидејќи поминува со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

**Седница од 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛИРИЈА„ с. Грнчари: Неџипи М. Демир и Незири Д. Ваљмир, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ГЕМИЏИИ 1903„ Велес: Нанев П. Владимир од КМФ „Велес„ Велес, чл. 35/13.
Јовановски Сашко, Јанкуловски Христијан, Јовановски Христијан, Костов Методија, Куртагиќ Тарик, Аладин, Тахировиќ Енес, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 17.10.2017 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „АСТИБО„ Штип: Јовановски М. Никола, од КМФ „Кратово„ Кратово, Соколов З. Тоше од КМВ „Велес„ од Велес, по член 35/13.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 17.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Трајков Ј. Костадин од ФК „Винер Спорт„ од Скопје, Лазар П. Милошевски од ФК „Форца Вардар„ од Скопје, по член 36/1.

ФК „ГРОЗДАНОСКИ ИЛИНДЕН„ Скопје: Атанасовски И. Тео, Трајковски З. Дарио, Николов К. Леон, Жарковиќ А. Данило, по член 35/1.

ФК „МАЦАРИ СОЛИДАРНОСТ92„ Скопје: Крајевски Марио од ФК „Мацари Солидарност92„ Скопје, по член 35/2.

ФК „РЖАНИЧИНО„ с. Ржаничино: Спасевски Ј. Дарко од ФК „Петровец„ с. Петровец, по член 35/13.

Велковски К. Дарко од ФК „Бунарџик Роберт П„ с. Бунарџик, по чл. 35/4. Спасовски Горан, по член 35/1.

ФК „КАДИНО„ с. Кадино: Јованоски Драган, по член 35/1.

ФК „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„н.Гоце Делчев: Манџуковски Сашо, Милковски Оливер, чл. 35/1.

ФК „МЕТАЛУРГ АД„ Скопје. Јовановиќ Н. Јован од ФК „Металург АД„ Скопје, чл. 35/2.

ФК „ФОРТУНА 20092 н. Ченто: Емини Б. Суфјан, Алии Д. Арменд, Рамани А. Бесник, Абула А. Ајет, по член 35/1.

ФК „МАЦАРИ СОЛИДАРНОСТ ЈУНИОР„ Скопје: Абаз Ерол, по член 35/1.

Анчевски В.Кристијан од ФК „Мацари Солидарност92„ Скопје, чл. 35/2.

ФК „СПОРТ ЕФЕ ВАРДАР„ Скопје: Тонев К. Дамјан, Пишев И. Даникло, Таневски С. Дамјан, по член 35/1.

ФК „ДОЛНО КОЊАРИ„ с. Долно Коњари: Илиевски М. Тони од ФК „Вардар АД„ од Скопхје, по член 35/13.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрифрани фудбалери при Општинскиит фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фудбалефрите: Демелези Р. Акса од ФК „Скупи Промофоот„ од Скопје, Алији З. Медин од ФК „Мацари Солидарност Јуниор„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг, ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 17.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРАТСТВО„ с. Љубин. Ерџан Н. Садиковиќ од ФК „Волково 1964„ од с. Волково, Јасмин Чулевиќ од ФК „Братство„ од с. Љубин, по член 35/2.

Имран Аљии, Лирим Ковачи, Пепи Мицев, Семир Прентиќ, Един Сехратлиќ, Самил Ахметовиќ, по член 35/1.

ФК „ШКУПИ„ Скопје: Адеми Леон, Љатифи Љорик, Етеми Бленд, Бериша Рустем, Ајдини Рилинд, Сејфулаи Кренер, Хаџија Ервин, Ганиу Бленди, Хамити Ваљмир, Бајрами Муса, Кабаши Дрин, Мурсели Хамза, Хасани Аљтин, Цури Дурим, Салии Саљи, Мемети Ардиан, БНуилали Јон, Абдуљазиз Исмаиљи, Мети Царо, Санел Себати, по член 35/1.

Халиловиќ Анес од ФК „Чаир А.М.„ од Скопје, по член 35/4.

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Филип Ивановиќ, Абдул Хамза, Исламовски Един, Мухамед Елмаз, Бачевац Берин, Крстевски Мартин, Поповскки Филип, по чл. 35/1. Медин Алији од ФК „Мацари Солидарносст Јуниор„ од Скопје, Симеон Коцевски, Бранко Зсдравевски од ФК „'Лепенец„ од с. Бардовци, чл. 35/2. Трендов Алексеј, Костовски Димитар, Кнежевиќ Иван, Мартин Танев, Ѓоршески Андреј од ФК „Кул Здравје„ од Скопје, Крстевски Марио од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, по членм 36/1.

ФК „ФЉАМУРТАРИ 2017„ Скопје: Мердијан Реџепи, по член 35/1.

ФК „ШИШЕВО„ С. Шишево: Мамер Адеми, Бујар Муамеди, Енѓел Демири, по чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 17.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Котевски Н. Иванчо од ФК „Пелистер АД„ Битола, чл. 35/2.

ФК „НОВАЦИ 2005„ с. Новаци: Марковски Р. Никола од ФК „Новаци 2005„ од Новаци, по член 35/2.

ФК„РИС„ Битола: Ѓорѓиевски В. Александар од ФК „Пелистер Трново-Магарево„ од с. Трново, по член 35/4.

ФК „ПОЕШЕВО„ с. Поешево: Јовановски Б. Александар од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила, по член 35/13.

ФК „ТАЛЕНТ 2010„ Битола: Шабани И. Елхам, Тефику Е. Алил, Јовановски И. Никола, Мазески О. Атила, Мазески О. Танер, Бошев В. Антонио и Брдаровски Б. Михаил, по член 35/1.

Елмазовски Т. Леон од ФК „Талент 2010„ од Битола, по член 35/2.

ФК „ЛГ СПОРТ„ Битола: Стојановски Б. Михаил, по член 35/1.

ФК „КРАВАРИ„ с. Кравари: Кузманов Г. Мартин од ФК „Баир Кркардаш„ од Битола, по член 35/13.

ФК „МЛАДОСТ„ с. Дедебалци: Секуловски Б. Александар и Стојчевски В. Христофор по член 35/1.

ФК „СТРЕЛА СПОРТ„ с. Могила: Соколовски Ж. Сашо од ФК „Крстоар„ од с. Крстоар, по член 35/4.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА„ с. Логоварди: Тучковски Д. Илче и Алачковски Ц. Гоце од ФК „Крстоар„ од с. Крстоар, по член 35/4.

ЖФК „АТЛЕТИКО„ Битола: Петреска С. Сара, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерот Ристески К. Александар од ФК „Олд Бојс„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ**
**Седница од 16.10.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КОЧАНИ„ Кочани: Димитров Б. Михаил, по член 35/1.

ФК „РУСИНОВО„ с. Русиново: Тушевски С. Андреј, Ралповски В. Мартин, Коколански В. Атанас, по члем 35/1.

ФК „ФУДБАЛ СТАРС„ Кочани: Христов Г. Леон, Богданов Б. Михаил, Димитров М. Алекс, по член35/1.

ЖФК „КОЧАНИ„ Кочани: Ефтимова Е. Сара и Наумова К. Јована, по член 35/1

КМФ „УНИПАБ“ Кочани: Тодоров П.Филип, Каров А.Валентин, Крстев С.Горан, Спасов С. Јанче, Илијев А. Војчо,по член 35/1.

Коцевски П. Љупчо од КМФ „Бели„ од Кочани, по член 35/4.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1883/5
04.10 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се врши дополнување на член 25 од Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2017/2018 година со нов став 3 и истиот гласи:

член 25 став 3

На фудбалерите од став 2 на овој член регистрирани согласно член 49 став 2 точка „а" од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери а се однесуваат на конзуларно-дипломатски активности им се овозможува право на настап за млади категории до 18(осумнаесет) години.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана во Торино на 04.10.2017 година, го разгледа предлогот за дополнување на член 25 од Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2017/2018 година и донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE СКОПЈЕ

Деловоден број 0202-1883/5

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1883/5-1
04.10 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се укинува одлуката која се однесува на настап на млади странци аматери бр. 0202-184/1-17/4 од 16.02.2016 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 04.10.2017 година во Торино, со цел да се избегне неусогласеност а по разгледување и усвојување на предлогот за дополнување на Пропозициите за млади категории донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA
ФФМ
SKOPJE
СКОПЈЕ

Деловоден број 0202-1883/5-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 1883/5-3
04.10 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Млади странски фудбалери аматери правото за настап во натпреварувањето за млади категории на ФФМ го стекнуваат согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории.

2. Одлуката бр. 0202-318/1-5/7-2 донесена од Управниот одбор на ФФМ на 18.02.2014 година со која се ограничува бројот на странски фудбалери кои може да се регистрираат за клуб во Прва МФЛ на 8(осум) странски фудбалери и се утврдува уплата на такса при регистрација на странски фудбалери не се однесува на млади странски фудбалери аматери кои правото на настап го стекнале согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории ; Правото за настап за сениорската екипа на клубот фудбалерите го стекнуваат по претходно регулирање на пропишаната такса во согласност со предметните Пропозициите за натпреварување.

3. Непочитување на т.2 од оваа Одлука претставува прекршок кој има третман на неправилен настап со натпреварувачки последици.

4. Одлуката да се даде на потврдување на првата наредна седница на УО на ФФМ.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 04.10.2017 година, по укинување на одлуката 0202-184/1-17/4 од 16.02.2016, со цел регулирање на правото на настап на младите странски фудбалери аматери во натпреварувањето за млади категории и регулирање на правото на настап за сениорските екипи на клубовите од Прва МФЛ година донесе одлука како во диспозитовот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA СКОПЈЕ SKOPJE

Деловоден број 0202-1883/5-3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202 – 1883/5-4
04.10 2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 04.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се врши дополнување на член 100 став 3 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, на начин што на крајот на став 3, точката се менува во запирка и се додава: „со исклучок на став 1 точка 2 на овој член кога се постапува согласно одлуката на надлежниот орган"

2.Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од почетокот на пролетната полусезона 2017/18 година.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 04.10.2017 година, го разгледа предлогот за дополнување на член 100 став 3 од Правилникот за натпреварување на ФФМ и утврди дека со истиот се врши усогласеност на одлуките кои ги носи надлежното тело и Правилникот за натпревари.

По разгледување на предлогот, Управниот одбор, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1883/5-4

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 11-64/13
10.10 2017 год.

Врз основа на член 124 од Статутот на ФФМ и член 10 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за жалби за лиценцирање во состав: Владимир Ѓорчески - Претседавач, Наим Шерифи – зам.претседавач, Жарко Митевски - член, Златко Чубриновски -член, постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Еуромилк ГЛ АД од Скопје, бр. 11-64/12 од 03.10.2017 , против решението на Комисијата за лиценцирање бр. 11-64/11 од 29.09.2017 на седницата одржана на 05.10.2017 година , ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се УСВОЈУВА жалбата на ФК Еуромилк ГЛ АД од Скопје, пр.бр.11-64/12 од 03.10.2017 година.

**2.** Се УКИНУВА решението бр. 11-64/11 од 29.09.2017 година со која е повлечена условно издадената лиценца на Фудбалскиот клуб Еуромилк ГЛ АД, со седиште во Скопје, со ЕМБС 6883397 и ЕДБ 4032013521976 за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2017/2018 во организација на ФФМ.

**3.** Решението на Комисијата за лиценцирање бр. 11-64/9 останува на сила и понатамошно постапување на Комисијата за лиценцирање во врска со утврдување на исполнетоста на спортските критериуми.

**4.** Износот уплатен по основ такса за жалба во висина од 21.700,00 (дваесетиедна илјада и седумсто) денари да се врати на жиро сметка на поднесувачот.

**5.** Одлуката е конечна , истата да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ и Комисијата за лиценцирање на ФФМ на понатамошно постапување.

**6.** Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ - Макфудбал

## Образложение

Комисијата за жалби за лиценцирање на седницата одржана на 05.10.2017 година ја разгледа жалбата поднесена од Фудбалскиот клуб Еуромилк ГЛ АД од Скопје и утврди дека истата е благовремена и уредно таксирана.

Во жалбените наводи подносителот бара да се преиспита донесеното решение од првостепениот орган во врска со повлекување на лиценцата за натпреварување во Втора МФЛ Запад. Подносителот наведува дека во целост ги исполнил финансиските критериуми пред добивање на решението на Комисијата за лиценцирање за што доставува и доказ.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба ги зема во предвид:

- Решението донесено од Комисијата за лиценцирање бр.11-64/9 донесено на 09.08.2017 година со кое на подносителот му се издава условна лиценца;
- Решението донесено од Комисијата за лиценцирање бр. 11-64/11 од 29.09.2017 година со кое на подносителот му се повлекува дадената лиценца поради неисполнување во целост на финансискиот критериум;
- Одлука на Одбор за итност 0202-1717/3 од 06.09.2017 година;
- Извештајот на Одделението за финансии и сметководство на ФФМ од 26.09.2017 година;
- Доказ за извршена уплата на котизација.

По разгледување на целокупната документација Комисијата утврди дека првостепениот орган, условите во решението за доделување на лиценца ги утврдил врз основа на провизорен извештај доставен од Одделението за финансии и сметководство на ФФМ.

Одборот за итност на ФФМ поради зголемените активности поврзани со Супер купот, донел одлука Одделението за финансии и сметководство да достави финален извештај до Комисијата за лиценцирање до 26.09.2017 година. Врз основа на утврдените рокови и финалниот извештај, првостепениот орган правилно постапил кога утврдил дека условот даден во решението не е целосно исполнет.

Комисијата за жалби за лиценцирање ја ценеше намерата и подготвеноста на подносителот да продолжи со натпреварувањето и ги прифати наводите во жалбата дека реализирањето на обврската по финансискиот критериум е завршена пред подносителот да го прими Решението за повлекување на лиценцата што самото по себе зборува за желбата и подготвеноста на подносителот за натпреварување.

Од тие причини а со цел поддршка на натпреварувањето но и почитување на финансискиот фер плеј , Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ**

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

Претседавач,
Владимир Ѓорчески

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15-1901/2
06.10.2017 год.

Комисија за натпревари на ФФМ

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Васко Дојчиновски-зам.претседавач, Ачовски Дејан , Блажовски Драган, Гоце Цветановски,Зоран Михајловски врз основа на член 117 став 1 ал.1 и член 104 став 2 од Правилникот за натпревари на ФФМ, а во врска со член 47 и 48 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад , член 9 став 1 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ и Решението од Комисија за лиценцирање бр.11-70/11 од 29.09.2017 за повлекување на лиценцата за натпреварување во Втора МФЛ Исток на Ф.К.Хоризонт Турново АД, на седницата одржана на ден 06.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Фудбалски клуб Хоризонт Турново АД од с.Турново Босилово се дисквалификува од понатамошно натпреварување во Втора МФЛ Исток во натпреварувачката 2017/18 година.

2. Сите одиграни натпревари на ФК Хоризонт Турново АД од с.Турново Босилово од првиот круг на натпреварувачката 2017/18 се признаваат со постигнатиот резултат.

3. Сите наредни натпревари од првиот круг на првенството кои ФК Хоризонт Турново АД треба да ги игра по утврдениот распоред ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот.

4. Сите наредни натпревари од вториот и третиот круг на првенството кои ФК Хоризонт Турново АД треба да ги игра по распоред ќе се сметаат за неодиграни и нема да влијаат на пласманот на табелата.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На седницата одржана на 03.10.2017 година до Комисијата за натпревари на ФФМ беше доставено Решение од Комисијата за лиценцирање на ФФМ бр.11-70/11 од 29.09.2017 година . Со доставеното решение беше утврдено повлекување на лиценцата на Ф.К.Хоризонт Турново АД за учество во натпреварување во Втора МФЛ Исток за тековното првенство како резултат на неисполнување на зададените критериуми за лиценцирање.

Комисија за натпревари на ФФМ

Врз основа на известувањето од Одделението за лиценцирање за правосилност на решението и утврдување дека до правосилност на решението се одиграни 6(шест) кола од вкупно девет во првиот круг, Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 06.10.2017 година донесе одлука за дисквалификација на ФК Хоризонт Турново АД од натпреварувањето во Втора МФЛ Исток и за утврдување на пласман на табела како во диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Комисија за натпревари
зам. Претседавач,
Васко Дојчиновски

доставено до:
- ФК Хоризонт Турново АД
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15-1913/4
10.10.2017 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Џонов Димитар – претседавач, Васко Дојчиновски- зам.претседавач, Ачовски Дејан –член, Михајловски Зоран – член, Блажовски Драган-член и Гоце Цветановски – член , врз основа на член 117 став 1 ал.1 и член 64 став 3 од Правилникот за натпревари на ФФМ; член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад, а во врска со член 100 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, на седницата одржана на ден 10.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува жалбата на Фудбалски клуб Кожув од Гевгелија бр. 52/2 од 08.10.2017 година, во врска со натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток во натпреварувачката 2017/18 година.

2. Натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на ФК Кожув Гевгелија.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 10.10.2017 година ја разгледа жалбата поднесена од ФК Кожув Гевгелија а во врска со натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година.

Комисијата констатира дека жалбата е таксирана и уредно најавена и поднесена во рокот предвиден со одредбите на Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток.

Подносителот во жалбените наводи се повикува на прекршување на одредбите на член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад кој предвидува „Сите клубови учесници во натпреварувањето во вторите лиги првото полувреме мора да го започнат и да го завршат со два фудбалери од кои едниот фудбалер да нема навршено 21 година а другиот да нема навршено 19 години . Подносителот во жалбата наведува дека фудбалерот Симјановски Мирко со ИД бр. 101279 бил заменет во 44-та минута од натпреварот со фудбалерот Митев Роберт ИД бр. 104187 поради што ФК Тиквеш, првото

полувреме не го завршил со два млади фудбалери од кои едниот нема навршено 21 година а другиот нема навршено 19 години. Од тие причини подносителот согласно член 100 од Правилникот за натпревари бара од Комисијата, натпреварот да го регистрира со службен резултат 3:0 во негова корист.

Комисијата за натпревари по разгледување на жалбените наводи и документацијата во прилог, изврши увид во записникот од натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, одигран во Гевгелија на ден 07.10.2017 година како и во Комет системот на ФФМ и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 07.10.2017 година во рамките на 7 коло на Втора МФЛ Исток во Гевгелија одигран е натпреварот ФК Кожув Гевгелија- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци. Натпреварот започнал со утврдениот број на млади фудбалери согласно член 20 на Пропозициите на Втора МФЛ и за ГФК Тиквеш од Кавадарци натпреварот го започнале два млади фудбалери и тоа Симјановски Мирко со ИД бр. 101279 и Ѓорѓиев Игор со ИД бр. 101844. Во 44 минута од натпреварот направена е измена и од игра излегол фудбалерот Симјановски Мирко а на негово место влегол фудбалерот Митев Роберт со ИД бр. 104187 за кој Комисијата констатира дека не бил млад фудбалер. ГФК Тиквеш го завршил првото полувреме при резултат 0:1 со 1 млад фудбалер. Натпреварот завршил со нерешен резултат 1:1.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, согласно член 64 став 3 од Правилникот за натпревари на ФФМ; член 20 став 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ Исток и Запад, а во врска со член 100 став 1 точка 10 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ донесе одлука каково диспозитивот.

Правна поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука со уплата на такса во висина од 12000,00 денари за правно лице на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата.

Комисија за натпревари
Претседавач,
Џонов Димитар

доставено до:
- ФК Кожув Гевгелија
- ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-1917/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 10.10.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 10.10.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - Гевгелија се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 7 коло на Втора МФЛ ИСТОК 17/18 помеѓу, ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци, ја констатира следната фактичка состојба: Ристенски Раде со ИД 101322 фудбалер на ФК Кожуф Гевгелија - Гевгелија се предава на ДК поради добиен директен- црвен картон ( во 28 минута поради насилничко однесување ) на натпреварот од 7 коло на Втора МФЛ,,Исток,, помеѓу ФК Кожуф Гевгелија – ФК Тиквеш 1930Кавадарци одигран во Гевгелија на 07.10.2017 година. Ф.К.Кожуф Гевгелија – Гевгелија се казнува со автоматска парична казна во висина од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата поради горенаведеното,а фудбалерот се предава на ДК.

При вакви утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА - Гевгелија
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-1919/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 10.10.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 10.10.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ПЛАЧКОВИЦА - Радовиш се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 7 коло на Втора МФЛ ИСТОК 17/18 помеѓу, ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД - ФК ПЛАЧКОВИЦА, ја констатира следната фактичка состојба: Варадиновски Иван со ИД 100548 фудбалер на ФК Плачковица - Радовиш се предава на ДК поради добиен втор жолт- црвен картон ( први во 61 минута поради неспортско однесување и втори во 65 мин. поради спречување ветувачка акција) на натпреварот од 7 коло на Втора МФЛ,,Исток,, помеѓу ФК Брегалница 2008 АД – ФК Плачковица одигран во Штип на 07.10.2017 година. Ф.К.Плачковица – Штип се казнува со автоматска парична казна во висина од 50 евра во денарска противвредност на денот на уплатата поради горенаведеното,а фудбалерот се предава на ДК.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ПЛАЧКОВИЦА - Радовиш
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

Комисија за натпревари на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 15-1960/5
17.10.2017 год.

Комисијата за натпревари на ФФМ во состав: Димитар Џонов претседавач, Ачовски Дејан , Блажовски Драган, Гоце Цветановски,Зоран Михајловски врз основа на член 117 став 1 ал.1 и член 104 став 2 од Правилникот за натпревари на ФФМ, а во врска со член 47 и 48 од Пропозициите за натпреварување во Втора МФЛ Исток и Запад , член 9 став 1 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ и Решението од Комисија за лиценцирање бр.11-70/11 од 29.09.2017 за повлекување на лиценцата за натпреварување во Втора МФЛ Исток на Ф.К.Хоризонт Турново АД, Комисијата за натпревари на седницата одржана на ден 17.10.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Натпреварот од 8 коло помеѓу Ф.К.Хоризонт Турново АД од с.Турново –Ф.К.Победа Валандово се регистрира со службен резултат 0 – 3 за Ф.К.Победа Валандово

2. Сите наредни натпревари од првиот круг на првенството кои ФК Хоризонт Турново АД треба да ги игра по утврдениот распоред ќе се регистрираат по службена должност со 3:0 во корист на противникот.

3. Сите наредни натпревари од вториот и третиот круг на првенството кои ФК Хоризонт Турново АД треба да ги игра по распоред ќе се сметаат за неодиграни и нема да влијаат на пласманот на табелата.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

